ЕВН Македонија Електроснабдување
Друштво за снабдување со
електрична енергија ДООЕЛ
Бр. 08-5/946
23.07 2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ
Бр. 03-400/1
23.07 2025 год.
Општина Аеродром-Скопје

# РАМКОВНА СПОГОДБА
## Групна набавка
## НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Склучен на ден ________год. помеѓу

1. **ООУ „Ѓорѓија Пулевски"- Аеродром Скопје**, со седиште на бул. „Јане Сандански" бр. 27 А, со ЕМБС 4098382, емаил: gpulevski@yahoo.com, претставувано од в.д директорот Ирина Николоска (во понатамошниот текст: **Договорен орган**)

2. **ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул: „Лазар Личеноски" бр. 11, Скопје, ЕДБМК4080011522805, ЕМБС 6717110, со ж-сметка 210-0671-711-002-67, депонент на НЛБ Банка АД Скопје, емаил: elektrosnabduvanje@evn.mk, застапувано од Роланд Циглер и Беркант Шен (во понатамошен текст: **Носител на набавката**).

**Член 1**

Оваа Рамковна спогодба се склучува со еден економски оператор без повторно прибирање на понуди за **групна** јавна набавка на стоки - **Набавка на електрична енергија**, согласно спроведена отворена постапка со оглас бр.**08443/2025** објавена на ЕСЈН со завршна фаза Е-аукција, врз основа на Одлуката за групна јавна набавка донесена од директорот на ООУ „ Лазо Ангеловски" Аеродром –Скопје со бр.05-213/2 од 06.05.2025 година, Одлуката за избор на страна во рамковна спогодба бр.05-213/5 од 02.07.2025 година, како и согласно прифатената понуда на Носителот на набавката која е составен дел на оваа Рамковна спогодба.

### ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Член 2**

Предмет на оваа рамковна спогодба е регулирање на постапката за **Набавка на електрична енергија**, согласно прифатената понуда –прилог кон Спогодбата.
Во зависност од потребата за **Набавка на електрична енергија**, Договорниот орган ќе му испрати на Носителот на набавката известување во врска со потребата од склучување на поединечен договор.
Извештајот за текот на е-аукција е составен дел на спогодбата.
Техничката спецификација е составен дел на спогодбата.

### ПОСТАПКА НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ДОГОВОРИ

**Член 3**

Оваа Рамковна спогодба се склучува со еден економски оператор без повторно прибирање на понуди, со услови кои остануваат непроменети за целото времетраење на спогодбата. Носителот на набавката има обврска за склучување на поединечен договор врз основа на рамковната спогодба, односно ефект на договор ќе има налог, нарачка или слично доколку ги содржат суштествените елементи на договорот (согласно член 116, став 4 од Законот за јавни набавки).
Поединечните договори за јавни набавки ќе се склучат пред истекот на рокот на рамковната спогодба.

**Член 4**

Вредноста на единечниот договорот треба да биде во согласност со утврдените поединечни цени во доставената конечна понуда по спроведена електронска аукција.

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката предмет на оваа спогодба согласно листата на цени и техничката спецификација.
Прифатената понуда на Носителот на набавката и Техничката спецификација се составен дел на оваа спогодба.

**ВРЕДНОСТ НА РАМКОВНА СПОГОДБА**

**Член 6**

Вредноста на оваа рамковна спогодба заедно со вкупната вредност на сите поединечни договори што Договорниот орган ќе ги склучи со Носителот на набавката врз основа на оваа Рамковна спогодба, согласно со понудата на Носителот на набавката, а согласно одлуката за групна јавна набавка бр.05-213/2 од 06.05.2025 година и конечната понуда изнесува 7.397.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 1.331.460,00 денари или вкупно со вклучен ДДВ износ од 8.728.460,00 денари и тоа од буџетотот на:

**<u>ООУ “Ѓорѓија Пулевски” – Скопје, износ од 847.000,00 денари без ДДВ, односно вкупен износ од 999.460,00 денари со ДДВ</u>**

**Прифатената маржа на носителот на набавката за1KWh потрошена електрична енергија вклучувајки ги сите трошоци и попусти изнесува 7 %.**

Договорените единечни цени по позиции утврдени во прифатената понуда се составен дел на оваа рамковна спогодба и не може да се менуваат до истекот на рокот на важноста на рамковната спогодба.

Описот на стоките предмет на оваа Рамковна спогодба, определен во член 2 од истиот е утврден во прифатената понуда, која е составен дел на спогодбата.

Единечна цена за испорачана и потрошена 1 Kwh активна електрична енергија со вклучени трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност) и попусти и увозни царини ќе се пресметува со примена на следната формула:

C_m =C_(m,MEMO)/1000 + маржа во %

каде што:
C_m — цена по која Економскиот оператор го снабдува Договорниот орган во месецот (m), ден/KWh

C_(m,MEMO) - просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата MEMO за месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh

Вкупен износ на потрошена ЕЕ = C_m * количина на потрошена ЕЕ

При конверзија на цената на МЕМО (https://www.memo.mk/) берзата од евра во денари ќе се користи среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот за кој се фактурира.
Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност).
Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавката и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.
Местата на испорака на електричната енергија се дадени во техничката спецификација.
Бројот на мерни места наведени во спецификацијата во текот на важноста на договорот може да се промени, а снабдувачот на електрична енергија е должен да испорача електрична енергија до сите мерни места вклучувајќи и нови кои ќе бидат пријавени од страна на договорниот орган .

Во маржата изразена во проценти ќе бидат пресметани сите трошоци и попусти: Цена за набавка на основица, царински и преостанати увозни трошоци и трошоци за балансирање.

Во вкупната вредност на набавката е засметана вредноста на придружните услуги, сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.

Договорните страни се согласни дека евентуалните промени на цените на пазарот нема да влијаат на зголемување на единечните цени на оваа Спогодба.

Единечните цени од листата на цени составен дел на прифатената понуда на страната на рамковната спогодба не можат да се зголемуваат.

При склучување на оваа рамковна спогодба цените кои што ги понудил во понудата се максимални за целото времетраење на рамковната спогодба.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

Рамковната спогодба ќе се склучи до проценетата вредност на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите.

## НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАМКОВНА СПОГОДБА

**Член 7**

Договорниот орган Рамковната спогодбасо еден економски оператор без повторно прибирање на понуди со услови што ќе останат непроменети за целото времетраење на рамковната спогодба ќе ја реализира, согласно потребите на договорниот орган од овој вид на набавка со склучување на поединечни договори.
Ефект на договор ќе има налог, нарачка или слично доколку ги содржат суштествените елементи на договорот (согласно член 116, став 4 од Законот за јавни набавки).

Носителот на набавката е должен да ги испорачува стоките, предмет на рамковната спогодба сукцесивно согласно потребите на договорниот орган за цело времетраење на рамковната спогодба и согласно техничката спецификација дадена во прилог на тендерската документација, по склучен поединечен договор и по добиен писмен налог од страна на Набавувачот.**Роковите за извршување ќе се дефинираат во писмени налози, но не подолго од 12 месеци.**

Испораката на електрична енергија ќе се изврши ориентационо за 12 (дванаесет) месеци. Во зависност од цената на струјата од берзата МЕМО, искористеност на договорот, бројот на месеците за кој што се врши испораката на електричната енергија може да се зголеми или намали.

Во случај на укажана потреба договорниот орган го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерните места, за што понудувачот ќе биде благовремено известен.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА РАМКОВНА СПОГОДБА**

**Член 8**

Рамковната спогодба ќе биде склучена со времетраење од 1 (една) година од денот на нејзиното склучување или до исцрпување на средствата предвидени за предметната набавка но не подолго од 1 година од денот на склучување на спогодбата.

**РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ**

**Член 9**

Понудувачот активната електрична енергија прифаќа отстапувања од претпоставената потрошувачка на активна електрична енергија на месечно, од причини што потрошувачката зависи од временските услови.
Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.
За сите планирани прекини носителот на набавката е должен да го информира договорниот орган најдоцна 24 часа пред прекинот, за период од понеделник до петок.
Доколку прекинот е планиран да се реализира во сабота, недела или во утринските часови од понеделник, информацијата за прекинот на испорачувањето на електричната енергија се доставува најдоцна до 14 часот во петокот пред викенд деновите, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

**ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА**

**Член 10**

Сите работи и односи во врска со електричната енергија се регулирани и треба да бидат во согласност со одредбите и препораките на важечките закони, прописи и стандарди кои се однесуваат и се поврзани со предметот на набавката, и тоа:

- Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/18 и „Службен весник
на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22),
- Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република
Северна Македонија“ бр. 191/19 и 101/22),
- Мрежните правила за пренос на електрична енергија издадени од операторот МЕПСО
(„Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 4/22),

- Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“
бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 138/19 и 159/22),
- Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна
Македонија“ 234/22), и
- Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07,120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).

Носителот на набавката треба да ја превземе балансната одговорност и балансирањето на договорниот орган и истото треба да биде предвидено и вклучено во понудата на економскиот оператор. Во прилог на техничката спецификација се дадени потрошените количини на електрична енергија изразени во KWh за 12 (дванаесет) месеци од 2024 година, преглед на планирана потрошувачка на електрична енергија за 12 (дванаесет) месеци од 2025 и 2026 година и прегледот на потрошувачките мерни места до каде што треба да се испорача електричната енергија.

Во понудената цена, т.е. маржа изразена во % (проценти) која ќе се користи за пресметка на цената на потрошена активна електрична енергија (единствена тарифа), економскиот оператор треба да ги вклучи сите трошоци согласно важечките законските прописи и правила.

Носителот на набавката се обврзува да изврши исправки по добиените писмени забелешки од страна на Договорниот орган, без право на посебен надоместок.

Доколку Носителот на набавката не постапи по забелешките доставени од страна на Договорниот орган, Договорниот орган има право да не ја прифати испорачаната стока и да не изврши исплата на надоместокот утврден во договорот.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 11

Договорниот орган се обврзува да го изврши плаќање по испорака на стоките предмет на единечниот договор.
Начинот на плаќање е во рок од 30 дена по доставена фактура/ситуација за испорачаните стоки кои ќе бидат предмет на поединечните договори склучени врз основа на рамковната спогодба во Архивата на секое училиште.

Понудената маржа се однесува на просечна месечна цена определена на берзата МЕМО, која МЕМО ја објавува на својата ВЕБ страна на месечно ниво, а се однесува на месецот на испорака.

- Вредноста на Договорот вклучува и трошоци над постигнатата цена од конечната понуда, поради покривање на трошоците за Обновлива Енергија и Надомест за користење на пазарот на електрична енергија, кои се составен дел на фактурите на добавувачот и паѓаат на товар на набавувачот". Добавувачот во понудата (вклучено во процентуалниот дел на маржата) за KWh е должен да ги земе во предвид и сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за царина и за увоз и балансирање на потрошувачката (балансна одговорност).
- Договорниот орган ќе плаќа АЕТ (активна единствена тарифа) за потрошената енергија за целото времетраење на договорот
- Добавувачот во понудата не треба да ги засметува трошоците за зелена енергија и трошоците на Операторот за пазар со електрична енергија, кои дополнително ќе бидат изразени во фактурите.
- Добавувачот е должен да извршува пресметка на трошоци по договорната цена за секое ново мерно место кое договорниот орган ќе побара да биде активирано.
- Добавувачот е должен да прифати укинување на пресметка на трошоци на некое од постојните мерни места по барање на договорниот орган.
- Добавувачот е должен да ги почитува одредбите и правилата за снабдување со електрична енергија, (Сл. весник бр. 144/2012 и 172/2018) и правилата за изменување на правилата за снабдување со електрична енергија, (Сл. весник бр. 91/2013 и 103/2014).

Задолжително во прилог на месечната фактура за потрошена електрична енергија да биде доставен доказ за:
- часовна цена за електрична енергија на пазарот на берзата МЕМО за секој час h од месецот m, ден/kWh,
- месечен трошок за балансирање на потрошувачката на балансната група фактуриран во месецот m, ден/kWh,за кој се однесува пресметката, од берзата МЕМО .

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 12**

При изготвување на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на понудувачот ( Носителот на набавката), место седиште, даночен број
- Број и датум на Договорот
- Опис на стоките
- Вкупни цени по ставки
- Вкупна цена на фактурата
- Пресметка на ДДВ
- Валута на плаќање.

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 13**

Квалитативен и квантитативен прием на предметот на набавката од оваа Рамковна спогодба го врши Договорниот орган, врз основа на потпишаниот единечен договор за јавна набавка, од овластени лица на договорните страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на стоките.

Договорниот орган има право поради нецелосно и неквалитетна испорака на стоките , односно неуредно исполнување на обврските од договорот да бара раскинување на истиот.

Договорниот орган има право поради неисправност или недостаток да бара бесплатно отстранување на утврдените недостатоци или надомест на трошоците направени за отстранување на недостатоците, во спротивно има право на сразмерно намалување на цената или раскинување на договорот.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

### Член 14

Во случај на доцнење со испорака на стоките од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.
Договорната казна на поединечните договори склучени врз основа на оваа рамковна спогодба ќе изнесува 1‰ (1 промил) од вкупната договорена цена на стоките за секој ден задоцнување ако стоките не се испорачаат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната договорена цена на испорачаните стоки на поединечните договори.
Во случај кога испораката на стоки доцни, потребно е веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на документација да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека договорниот орган има право да бара исплата на договорна казна.
Договорната казна треба да се исплати во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на писменото известување за договорна казна. Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ЕДИНЕЧНИОТ ДОГОВОРОТ

### Член 15

Доколку Носителот на набавката не ги исполни своите обврски преземени со договорот или не ги извршува обврските од договорот согласно предмер пресметката составен дел на овој договор и според правилата на струката, Договорниот органќе бара исполнување на обврската или раскинување на договорот.
Договорниот орган има право даго раскине договорот поради неисполнување на обврските на Носителот на набавката, а особено:

- доколку Носителот на набавката, неоправдано доцни со испораката или ја откаже испораката на стоката,
- доколку Носителот на набавката не ја испорача стоката во рокот определен во писмен налог согласно член 7 од овој Договор,

- доколку испорача стока која е неисправна, неквалитетна или е несоодветна со спецификацијата.

Договорниот орган по констатирањето на настапување на некоја од причините за раскинување на договорот, писмено ќе го предупреди Носителот на набавката во дополнително оставен рок од 2 (два) дена да ја отстрани причината. Доколку Носителот на набавката во дополнително оставениот рок не ја отстрани причината за раскинување, Договорниот орган може да го раскине договорот со проста изјава за раскинување на договор. Договорниот орган раскинувањето на договорот, ќе му го соопшти писмено на Носителот на набавката.За ден на раскинување на договорот се смета денот кога писмената изјава за раскинување на договорот е уредно доставена до Носителот на набавката согласно член 24 од оваа Рамковна спогодба.
Договорниот орган има право да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 16**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа веднаш писмено да ја извести другата договорна страна.

**Член 17**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат.
По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на договорот.

## ВИША СИЛА

**Член 18**

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за загуба, повреда или неизвршување на одредбите од оваа Рамковна спогодба кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено во рок 24 часа да ја извести другата страна, со наведување на причините за Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ. По
отстранување на Вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или раскинување на Договорот.

## ЈАЗИК И ПИСМО НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**Член 19**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Рамковната спогодба е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 20

Договорот стапува во сила веднаш по неговото потпишување од страна на двете договорни страни.
Носителот на набавката има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 5 дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на Договорниот орган.

### Член 21

Договорните страни можат да го дополнат или изменат одредбите од оваа Рамковна Спогодба само спогодбено.
Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Дополнувањата и измените на овој договор се важечки, ако се направени во писмен форма и ако се потпишани од двете договорни страни.
Договорот може да се менува со Анекс –Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерска документација.
За се што не е регулирано со оваа Рамковна спогодба, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

### Член 22

Носителот на набавката се обврзува да ги чува како тајна и нема да ги направи достапни за трети лица, податоците кои потекнуваат од Договорниот орган или се однесуваат на Договорниот орган, а со кои Носителот на набавката се запознал во текот на извршување на договорот.

### Член 23

Сите евентуални спорови кои би произлегле од оваа Рамковна спогодба, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

### Член 24

Договорните страни се согласни дека сите известувања, изјави, барања, согласности, одобрувања и друго треба да бидат во писмена форма.
Договорните страни се согласни доставувањето на сите писмена во врска со овој договор да се смета за уредно ако е извршено во архивата на договорните страни или по пошта со препорачана пратка на следните адреси:
За ООУ „ Ѓоргија Пулевски“ Аеродром –Скопје на адреса Бул. „ Јане Сандански“ бр.27А, Скопје, и Носителот на набавката на адреса ул: „Лазар Личеноски“ бр. 11, Скопје.

Договорните страни се согласни, доколку ја променат адресата на живеалиштето-седиштето или доколку престојуваат надвор од своето живеалиште, за промената на живеалиштето-седиштето во рок од 3 дена од извршената промена да ја известат по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, другата договорна страна, а во спротивно ќе се смета дека доставата на писмената е уредно извршена доколку е направен обид писмената да се предадат на наведените адреси во став 2 на овој член, а договорните страни нема да бидат пронајдени на наведените адреси.
Доставата ќе се смета дека е уредно извршена доколку Носителот на набавката го одбие приемот на писмената.

**Член 25**

За се што не е предвидено со оваа Рамковна спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи и други позитивни прописи во Република Северна Македонија.

**Член 26**

Овој договор е составен од 7 примероци од кои 5 примерока за Договорниот орган и 2 примерока за Носителот на Набавката.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**ООУ Ѓоргија Пулевски**
**Скопје**
В.д Директор
Ирина Николоска

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**ЕВН Македонија ДООЕЛ**
**Скопје**
Одговорно лице:
Роланд Циглер

Беркант Шен